| | |
|---|---|
| **Назив на СЗ** | **Оператор со уреди за сушење и парење на дрвото** |
| **Код на СЗ** | **1420.40.04** |
| **Сектор** | ШУМАРСТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО |
| **Ниво на сложеност на работни задачи** | IV (четврто) |
| **Опис на занимањето** | Со стандардот на занимањето Оператор со уреди за сушење и парење на дрвото, се дефинираат потребните знаења, вештини и компетенции на ова занимање за извршување на работни активности во областа на примарната обработка на дрво.<br>Операторот со уреди за сушење и парење на дрвото, ја планира, подготвува, организира и го контролира квалитетот на сушењето и парењето на дрвото. Операторот рационално ги користи средствата за работа, енергијата, материјалите и времето, поставува режими, го води и контролира процесот на сушење и парење на дрвото и процесот на хемиска заштита на дрвото. Исто така, врши прием и складирање на материјалот, како и складирање и предавање на третираниот материјал, подготвува техничка и друга работна документација користејќи соодветна информатичка писменост. Комуницира со соработниците со почитување на принципите на работната култура. Води грижа за заштита на здравјето на луѓето и околината, во согласност со хигиенско-техничките, противпожарните и другите мерки за заштита. |

| **Број** | **Функции на занимањето** | **Задачи на занимањето** | **Компетенции на занимањето** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Планирање и организирање работни активности | Ја планира и организира својата работа | 1. Ја почитува политиката на работење на организацијата;<br>2. Ја познава организацијата на производството;<br>3. Соработува при воведувањето на технолошките постапки и новите технологии и опрема;<br>4. Ја следи потрошувачката и состојбата на залихи, суровини и материјали;<br>5. Ги применува стандардите за дрвна индустрија;<br>6. Ги знае основните принципи на технолошките процеси;<br>7. Ги знае постапките и начините за рационална употреба на енергијата и материјалите. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| **2.** | Подготовка за работа | Подготвува и врши проверка на исправноста на уредите за сушење и парење | 1. Ја проверува и проценува исправноста на уредите за сушење и парење;<br>2. Ја проверува и проценува исправноста на заштитните средства;<br>3. Ги приспособува уредите за сушење и парење;<br>4. Почитува упатства за работа;<br>5. Применува упатства за работа и заштитни мерки при работа. |
| | | Изработува и прима техничко-технолошка документација | 1. Врши прием и чита техничко-технолошка документација;<br>2. Изработува и пополнува документација за техничко-технолошкиот процес на сушење и парење. |
| **3.** | Оперативни активности | Подготвува и сортира дрво за сушење | 1. Врши мерење на степенот на влага во дрвото со различни методи;<br>2. Ја мери температурата и влагата на воздухот;<br>3. Пресметува собирање на дрвото;<br>4. Разликува видови и содржина на вода во дрвото;<br>5. Превзема мерки против негативното влијание на водата во обработеното дрво;<br>6. Ги познава физичките карактеристики на воздухот, рамнотежната влажност и начините на нивното одредување;<br>7. Познава хигроскопност на дрвото и начините на движењето на водата во дрвото;<br>8. Организира сортирање на дрвото според: дрвниот вид (бука даб, чам, орев...), димензиите и влагата;<br>9. Пресметува волумен на сложаите со пилена граѓа за сушење;<br>10. Применува начини на сложување на различни сортименти за природно и вештачко сушење. |
| | | Врши природно сушење на дрвото | 1. Организира правилно складирање на пилената граѓа на складиштата поради поефикасно природно сушење;<br>2. Одредува брзина и времетраење на природното сушење со различни методи;<br>3. Контролира влажност на дрвото со помош на електричен влагомер; |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | 4. Одредува рамнотежна влажност со помош на дијаграм;<br>5. Ги познава предностите и маните на природното сушење;<br>6. Препознава грешки при природното сушење, причини за нивно настанување и постапки за нивно отстранување |
| | | Врши вештачко сушење на дрвото | 1. Пресметува – одредува времетраење на сушењето (полнење, загревање, сушење, изедначување, кондиционирање и празнење);<br>2. Одбира и воспоставува режими за сушење на дрвото;<br>3. Го води и прати процесот на сушење на дрвото;<br>4. Анализира причини за настанување на грешки при сушењето и начини за нивно отстранување;<br>5. Прати постапка за автоматско сушење;<br>6. Води документација и евиденција за текот на процесот на сушење;<br>7. Складира исушена граѓа;<br>8. Управува со опремата и уредите во сушарите;<br>9. Ги познава принципите на работа на сушарите. |
| | | Составува режими за сушење на фурнири | 1. Составува режими за сушење на фурнири;<br>2. Применува различни начини за сушење на фурнири;<br>3. Ги познава видовите и принципите на работа на сушарите за фурнири;<br>4. Ги препознава основните грешки на сушењето на фурнирите, причините и начините на нивно отстранување. |
| | | Спроведува процес на забрзано сушење на дрвото | 1. Спроведува процес на забрзано сушење на дрвото;<br>2. Применува различни начини на забрзано сушење на дрвото (со прегреана пареа, во вакуум, со импулсивно цедење, ВФ струја и други постапки). |
| | | Контролира уреди за парење на дрвото | 1. Контролира уреди за парење и подготвените елементи за парење;<br>2. Одредува режими за парење на дрвото;<br>3. Прилагодува и контролира притисок |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | во уредите за парење;<br>4. Контролира процес на парење;<br>5. Ја познава целта на парењето и конструкцијата на парилниците |
| | | Врши хемиска заштита на дрвото | 1. Подготвува сортименти за хемиска заштита;<br>2. Организира и врши хемиска заштита на сортименти за надворешна употреба;<br>3. Ракува со уреди за импрегнација и хемиска заштита на дрвото;<br>4. Ги познава средствата и постапките за хемиска заштита на дрвото |
| | | Класифицира, складира и води грижа за транспорт на сортиментите и отпадот | 1. Класифицира и складира исушена граѓа според видот, квалитетот и димензиите и води документација за тоа;<br>2. Познава услови за правилно складирање на сортиментите;<br>3. Подготвува готови сортименти за транспорт;<br>4. Транспортира готови производи до купувачите;<br>5. Соодветно го складира и сортира отпадот. |
| **4.** | Комерцијални активности | Подготвува и реализира понуди | 1. Изработува калкулации и подготвува понуди;<br>2. Набавува суровини и репроматеријали;<br>3. Продава производи;<br>4. Испитува основни елементи на пазарот;<br>5. Ги познава основите на маркетингот;<br>6. Познава трговија со дрво;<br>7. Познава начини на транспорт на дрвото и потребна дополнителна документација. |
| **5.** | Административни активности | Пополнува работна документација | 1. Подготвува и пополнува документација;<br>2. Подготвува извештаи за извршената работа;<br>3. Подготвува документација за транспорт;<br>4. Применува техничка и работна писменост. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| **6.** | Активности за обезбедување на квалитет | Контролира квалитет и учинок во согласност со стандардите и нормативите | 1. Го контролира квалитетот на влезните суровини, репроматеријалите и предметите на работа во текот на процесот на сушење и парење;<br>2. Познава нормативи и стандарди од обработката на дрвото |
| **7.** | Одржување и поправање опрема | Тековно ги одржува уредите и просториите за работа | 1. Го познава значењето и потребата од редовното одржување на опремата и уредите;<br>2. Се грижи за техничката исправност на уредите;<br>3. Ги чисти опремата, уредите и работните површини согласно со зададените упатства;<br>4. Врши полесни поправки на уредите според упатствата на производителот;<br>5. Учествува при сервисно ремонтните работи;<br>6. Ги знае најчестите причини за дефекти и оштетувања на уредите;<br>7. Ги препознава и локализира дефектите. |
| **8.** | Комуникација | Комуницира со соработниците и странките | 1. Соработува со работниците и раководителот во процесот на работата;<br>2. Раководи со одредена група на луѓе комуницира со странки, нарачатели и добавувачи;<br>3. Користи стручна терминологија;<br>4. Се справува со жалбите и рекламациите на клиентите;<br>5. Користи традиционална и информатичка технологија за комуникација |
| **9.** | Здравје, безбедност и заштита при работа и животната средина | Применува мерки за заштита на потесната и пошироката околина од негативните влијанија на материјалите и средствата за работа | 1. Ја запознава групата на работници со опасностите при работата и со употребата на заштитните средства:<br>2. Применува соодветни мерки за заштита при работа со штетни и опасни материјали;<br>3. Правилно го складира отпадот;<br>4. Избегнува можности за повреди поради несоодветно користење на средствата за заштита и уредите;<br>5. Применува правила за заштита на пошироката околина |

| Знаење за занимањето / Вештини за занимањето |
| --- |
| **Знаење за занимањето:**<br><br>• Ја познава организацијата на производството;<br>• Определува технолошки процес на сушење и парење на дрвото;<br>• Планира, подготвува, организира и контролира квалитет на сушење и парење на дрвото;<br>• Познава принципи на набавка на потребни видови и количини на материјали;<br>• Рационално користење на средствата за работа, енергијата, материјалите и времето;<br>• Поставува режими за сушење;<br>• Контролира процес на сушење и парење на дрвото како и процесот на хемиска заштита на дрвото;<br>• Приема и складира материјал, како и складирање и предавање на третираниот материјал;<br>• Подготвува техничка и друга работна документација користејќи соодветна информатичка писменост;<br>• Комуницира со соработниците со почитување на принципите на работната култура;<br>• Води грижа за заштита на здравјето на луѓето и околината, во согласност со хигиенско-техничките, противпожарните и другите мерки за заштита.<br><br>**Вештини за занимањето:**<br><br>• Применува стандарди за дрвна индустрија<br>• Рационално употребува на енергијата и материјалите<br>• Проценува исправност на уредите за сушење и парење<br>• Проверува и проценува исправноста на заштитните средства<br>• Приспособува уреди<br>• Чита техничко-технолошка документација;<br>• Изработува и пополнува документација за техничко-технолошкиот процес на сушење и парење;<br>• Мери степен на влага во дрвото со различни методи;<br>• Мери температура и влагата на воздухот;<br>• Пресметува собирање на дрвото;<br>• Анализира физичките карактеристики на воздухот, рамнотежната влажност и начините на нивното одредување;<br>• Идентификува хигроскопност на дрвото и начините на движењето на водата во дрвото;<br>• Оганизира сортирање на дрвото според: дрвниот вид (бука,даб,чам,орев...), димензиите и влагата;<br>• Пресметува волумен на сложаите со пилена граѓа за сушење;<br>• Сложува различни сортименти за природно и вештачко сушење;<br>• Организира правилно складирање на пилената граѓа на складиштата поради поефикасно природно сушење;<br>• Одредува брзина и времетраење на природното сушење со различни методи;<br>• Контролира влажност на дрвото со помош на електричен влагомер;<br>• Одредува рамнотежна влажност со помош на дијаграм;<br>• Споредува предности и мани на природното сушење;<br>• Пресметува – одредува времетраење на сушењето (полнење, загревање, сушење, изедначување, кондиционирање и празнење);<br>• Одбира и воспоставува режими за сушење на дрвото;<br>• Анализира причини за настанување на грешки при сушењето и начини за нивно отстранување;<br>• Следи постапка за автоматско сушење; |

- Складира исушена граѓа;
- Составува режими за сушење на фурнири;
- Применува различни начини за сушење на фурнири;
- Ги познава видовите и принципите на работа на сушарите за фурнири;
- Ги познава основните грешки на сушењето на фурнирите, причините и начините на нивно отстранување;
- Спроведува процес на забрзано сушење на дрвото;
- Применува различни начини на забрзано сушење на дрвото (со прегреана пареа, во вакуум, со импулсивно цедење, ВФ струја и други постапки);
- Контролира уреди за парење и подготвените елементи за парење;
- Одредува режими за парење на дрвото;
- Прилагодува и контролира притисок во уредите за парење;
- Контролира процес на парење;
- Организира и врши хемиска заштита на сортименти за надворешна употреба;
- Ракува со уреди за импрегнација и хемиска заштита на дрвото;
- Класифицира и складира исушена граѓа според видот, квалитетот и димензиите и води документација за тоа;
- Транспортира готови производи до купувачите;
- Изработува калкулации и подготвува понуди;
- Испитува основни елементи на пазарот;
- Подготвува извештаи за извршената работа;
- Препознава и локализира дефекти на уредите и опремата за сушење и парење на дрвото;
- Соработува со работниците и раководителот во процесот на работата;
- Раководи со одредена група на луѓе;
- Применува правила за заштита на пошироката околина.

| | |
|---|---|
| **Клучни компетенции** | **Комуникација на мајчин јазик.**<br>Способен е да објаснува начини на сушење и парење на дрвото и причини за сушењето. Може да се изразува усно и во писмена форма, да користи електронска комуни кација и да остварува јазична интеракција со вработени, надворешни соработници и со странки/клиенти. Способен е да користи различни видови на документација, технички помагала при комуникација, да пребарува, собира и обработува информации и да користи професионален речник.<br><br>**Комуникација на странски јазик**.<br>Способен е да користи странски јазик со цел компетентно да го следи напредокот во хидротермичката обработка на дрвото и да го надградува своето знаење и вештина во сферата на стручната терминологија<br><br>**Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата**.<br>Во решавањето на задачи и пресметки, утврдување на цена врз основа на дадените понуди и утврдување на потребен материјал според дадени цртежи. Користи и работи со техничко-технолошки алатки.<br><br>**Дигитални компетенции.**<br>Способен е да користи компјутерска техника, Microsoft Office (Word, |

| | |
|---|---|
| | Excel).<br><br>**Учење како се учи**.<br>Способен е да стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини заради личен напредок и унапредување на работата. Способен е да управува со сопственото учење, кариерата и работните рутини и е истраен кон автономното учење.<br><br>**Социјални/општествени и граѓански компетенции.**<br>Во секојдневното опкружување, способен е да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта, да создава доверба, да покажува флексибилност и адаптибилност за новонастанати ситуации и да е мотивиран за работа во сопствената област.<br><br>**Чувство за иницијатива и претприемништво**.<br>Покажува иницијатива за креативни решенија за потребите на клиентите и креира технички решенија.<br><br>**Културолошка свест и културно изразување.**<br>Го препознава и почитува креативниот израз на идеи и искуства, поврзувајќи ги со самоподобрувањето на членовите на тимот. Ги приближува сопствените креативни ставови со размислувањата на другите членови на тимот, со што ќе се подобри ефикасноста во нивното работење. |

| | |
|---|---|
| **Посебни услови** | Операторот со уреди за сушење и парење на дрвото може да биде претприемач со пристап до соодветен простор, сушари и потребна опрема, како и целокупниот спектар на компетенции за водење на мал бизнис<br>Во поголеми организации, операторот со уреди за сушење и парење на дрвото може да биде високо стручен само во неколку од компетенциите на струката кои се наведени погоре. |

| | |
|---|---|
| **Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди** | • Закон за работни односи<br>• Закон за безбедност и здравје при работа<br>• Закон за заштита на животна средина<br>• Закон за заштита на лични податоци<br>• Закон за отстранување отпад<br>• Стандарди за квалитет на производите<br>• Закон за ДДВ<br>• Закон за заштита на потрошувачи<br>• Закон за контрола на квалитетот |

| | |
|---|---|
| **Донесен од:** | Министерство за труд и социјална политика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на одобрување** | Решение бр.08-7765/27<br>Од 30.11.2017 година | **Датум на ревизија** | |